**20091041968**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56, став 1, точка 14, а во врска со член 54 став 1, точка 8, член 63а, 63б и 63в од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), и член 2, член 5 и член 18 од Правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2008), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 05.08.2009 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ЛЕКОВИ КОИ СЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија бр. 02-13446/4 од 20.07.2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 95 од 30.07.2009 година, се поништува.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-16143/4<br>5 август 2009 година<br>Скопје

Управен одбор<br>Претседател,<br>**Беким Сали,** с.р.